Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 05-1953/1
27. 03. 2019 2019 година
Скопје

Врз основа на член 28 став 1 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15 , 192/15,27/16, 120/16 и 165/17) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/2010 и 51/2011), со овластување на министерот за правда, заменикот министер донесе

**О Д Л У К А**
**за набавка на стока –средства и апарати за одржување на хигиена за потребите на Министерство за правда**

1. За потребите на Министерство за правда да се изврши за јавна набавка на стока – **средства и апарати за одржување на хигиена за потребите на Министерство за правда** согласно техничка спецификација во тендерска документација.

2. Предметот на јавната набавка е предвиден во ГПЈН за 2019 и истиот е **деллив на 2 ( два ) дела:**
**ДЕЛ 1 – Набавка на стока - средства за одржување на хигиена**
**ДЕЛ 2 – Набавка на стока - апарати за одржување на хигиена**

3. За реализација на оваа набавка потребни се средства во вкупен износ од 300.000,00 денари без вклучен ДДВ, ДДВ со износ од 54.000,00 односно 354.000,00 со вклучен ДДВ. Средства се обезбедени од Буџетот на Министерството за правда за 2019 година, а плаќањето ќе се врши од редовна буџетска сметка на Министерството за правда 637, програма 10-администрација, ставка 423

4. Јавната набавка од точката 1 на оваа одлука, да се изврши со спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди согласно член 100 став 3 алинеа 1 од Законот за јавни набавки со објавување на оглас за доделување на договор за јавна набавка, која ќе се спроведе преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), со спроведување на електронска аукција (Е-Аукција), согласно Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16 и 165/17).

5. Предметот на јавна набавка е **деллив на 2 ( два) дела** и тоа :

**ДЕЛ I:** Набавка на стока - **средства за одржување на хигиена од** точка 2 алинеа прва, од оваа одлука со проценета вредност од 100.000,00денари без ДДВ, ДДВ во износ од 18.000,00 денари или вкупна вредност со ДДВ 118,000,00денари

- **ДЕЛ 2:** Набавка на стока – **апарати за одржување на хигиена** од точка 2 алинеа втора од оваа одлука со проценета вредност од 200.000,00 денари без ДДВ, ДДВ во износ од 36.000,00 денари или вкупна вредност со ДДВ 236.000,00денари.

6. Критериум за избор на најповолен понудувач да биде: **најниска цена.**

7. За спроведување на постапката од оваа одлука се формира комисијата за јавни набавки следниот состав:

- Претседател на комисија: Ацо Живковски
- Членови: - Алтанка Георгиева
  - Насер Ќамили

- Заменик претседател на комисија: Никола Бабановски
- Заменик Членови: - Гала Насева
- Абдула Мамути

8. Се задолжува Комисијата за јавни набаваки од точката 7 да ја спроведе оваа одлука, согласно Законот за јавни набавки.

9. Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

**Овластено лице од**
**Министерот за правда**
**Заменик министер**
**Оливер Ристовски**

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања
- Архива

Подготвил: Марина Миновска, Советник
Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение